MACEDONIAN

# Што Смеам, А Што Не Смеам?

| | **Период на опасност од пожар** – Оган на отворен простор е предмет на законски ограничувања кога се прогласува Период на опасност од пожари од страна на CFA за одредена општина. Ограничувањата во периодот на опасност од пожари остануваат на сила до 1. мај, освен ако не се отповикаат порано заради условите во сезоната. Во државните шуми, националните, државните и регионалните паркови и други резервати, Department of Sustainability and Environment (DSE) ограничувањата во случај на пожар остануваат на сила во текот на целата година. Локалната DSE и канцелариите на Parks Victoria може да пружат совети во кои шуми или паркови важат ограничувања за камперски оган. | **Целосна забрана за палење оган** – Целосна забрана за палење оган се прогласува во денови кога опасноста од пожари од е голема, кога пожарот може брзо да се прошири и тешко може да се контролира. |
|---|---|---|
| **Смеам ли да запалам скара, оган во камп или оган за загревање?** | **Да** – но само ако:<br>● ветерот не е посилен од 10км/час; и<br>● огнот се запали во прописно направено огниште или канал најмалку 30 цм длабок; и<br>● огнот е подалеку од 7,5 м од дрва; и<br>● просторот (по земја и воздух) на растојание од 3 м е без запалливи материјали; и<br>● огнот и горивото кое се користи се на минимум неопходен за намената и не зафаќаат површина повеќе од 1 м2; и<br>● огнот да биде надгледуван за цело време.<br>Запомнете, според CFA Act, ‘прописно направено огниште’ значи огниште направено од камен, метал, бетон или било кој друг огноотпорен материјал за да се спречи проширување на огнот.<br>Скарите купени од продавница може да се сметаат како прописно направени огништа. | **Да** – Фиксни скари на гас или струја, вградени во цигли, камен или бетон под услов:<br>● да нема запалливи материјали на далечина од 3м од скарата; и<br>● да имате или црево поврзано со вода или сад со најмалку 10 л вода, и<br>● Огнот да биде надгледуван од возрасно лице се додека гори<br>**Да** – Подвижни скари на гас или струја под услов да:<br>● скарата се наоѓа на растојание од 20 м од градба (подвижни градби за престој како што се подвижните домови, каравани или шатори не се сметаат за градби според CFA act); и<br>● на 3 м од скарата да нема запалливи материјали; и<br>● да имате или црево поврзано со вода или сад со најмалку 10 л вода, и<br>● огнот да биде надгледуван од возрасно лице се додека гори<br>**Не** – Камперски огнови за загревање и скари на цврсти или течни горива и печки се забранети за време на целосната забрана за палење оган. |
| **Јас подготвувам и испорачувам храна. Смеам ли да запалам оган за скара или ражен на настани на отворено?** | **Да** – но само ако:<br>● ветерот не е посилен од 10км/час; и<br>● огнот се запали во прописно направено огниште или канал најмалку 30 цм длабок; и<br>● огнот е подалеку од 7,5 м од дрва; и<br>● просторот (по земја и воздух) на растојание од 3 м е без запалливи материјали; и<br>● огнот и горивото кое се користи се на минимум неопходен за намената и не зафаќаат површина повеќе од 1 м2; и<br>● огнот да биде надгледуван за цело време.<br>Скарите купени од продавница може да се сметаат како прописно направени огништа. | **Да** – Но само ако имате писмена дозвола издадена од страна на CFA и ако се придржувате до условите од дозволата.<br>Municipal Fire Prevention Officers не можат да ги издаваат овие дозволи.<br>Дозволите се издаваат на лица или добротворни организации од заедницата за истите да можат да запалат оган за подготовка на храна за други луѓе за работа. Овие дозволи се издаваат од страна на регионалната канцеларија на CFA. |
| **Смеам ли да користам печка за согорување?** | **Да** – Под услов:<br>● да проверите во општината дали има некои локални прописи со кои се определуваат услови со кои се ограничува или забранува користењето на согорувач (на пример забрана во денови кога има смог, одредени области и денови од неделата), и<br>● огнот е ограничен во согорувачот, и<br>● брзината на ветерот е 10 км/час или помалку, и<br>● најмалку 3м од согорувачот да нема запалливи материјали, и<br>● да има доволна количина на вода за да се угасне огнот ако е потребно, и<br>● огнот постојано да биде надгледуван од некого | **Не** – Користењето на согорувач е забрането во деновите на забрана за палење оган. |
| **Смеам ли да запалам оган на отворено за да горам трева, коров, корења и други растенија?** | **Да** – Но, само ако:<br>● имате писмена дозвола издадена од Municipal Fire Prevention Officer или од Regional CFA Office, и<br>● постапувате според условите од дозволата, и<br>● огнот постојано е надгледуван од некого<br>Некои општини забрануваат горење во денови со смог. | **Не** – Оган на отворено заради горење на трева, коров или отпадоци се забранети во деновите на забрана за палење оган.<br>Сите дозволи издадени од страна на Municipal Fire Prevention Officers се суспендираат за време на денови на забрана за палење оган. |

# Што Смеам, А Што Не Смеам?

| | **Период на опасност од пожар** – Оган на отворен простор е предмет на законски ограничувања кога се прогласува Период на опасност од пожари од страна на CFA за одредена општина. Ограничувањата во периодот на опасност од пожари остануваат на сила до 1. мај, освен ако не се отповикаат порано заради условите во сезоната. Во државните шуми, националните, државните и регионалните паркови и други резервати, Department of Sustainability and Environment (DSE) ограничувањата во случај на пожар остануваат на сила во текот на целата година. Локалната DSE и канцелариите на Parks Victoria може да пружат совети во кои шуми или паркови важат ограничувања за камперски оган. | **Целосна забрана за палење оган** – Целосна забрана за палење оган се прогласува во денови кога опасноста од пожари е голема, кога пожарот може брзо да се прошири и тешко може да се контролира. |
|---|---|---|
| **Смеам ли да заварувам, глодам, лемам или сечам со гас?** | **Да** – Но, само ако:<br>• се постави заштитен огноотпорен штит за да не се ширaт искрите, и<br>• најмалку 1,5 м од местото на работење да нема запалливи материјали или местото се наводени за да се спречи проширување на огнот, и<br>• да има доволно вода или кофа со вода која треба да содржи најмалку 9 литри вода, и<br>• огнот постојано да е надгледуван од некого<br>• сите отсечоци или жешки парчиња материјал да се ставаат во огноотпорен сад. | **Не** – Активностите како заварување, сечење со гас, лемење, глодање, согорување, екстракција на мед и загревање на битумен произведуваат оган и топлина и се забранети во денови на целосна забрана за палење оган.<br>**Да** – Во одредени услови, CFA ќе издаде дозвола на добротворни организации во заедницата, владини организации, општини, индустриски претпријатија или со цел за забава на јавноста за изведување на такви активности во денови на целосна забрана за палење оган. Овие дозволи мора да се добијат од регионалните канцеларии на CFA и не мораат да бидат издадени од Municipal Fire Prevention Officers. |
| **Смеам ли да возам возило на места каде возилото ќе биде во контакт со жито, трева, коров, корења или други растенија?** | **Да** – Но само ако возилото има вградено направа за абсорбирање на искрите од моторот.<br>Треба да се избегнува да се возат возила низ сува вегетација во услови на жешко и суво време, дури и ако не е ден на целосна забрана за палење оган, заради опасноста од пожар од жешкиот ауспух. | **Да** – Но само ако возилото има вградено направа за абсорбирање на искрите од моторот.<br>Ова треба да се избегнува секогаш кога е можно, заради опасноста од пожар која може да се предизвика заради сувата вегетација и жешкиот ауспух. |
| **Смеам ли да користам машини со внатрешно согорување или мотор на топлина, како што се трактори, пили, машини за копање и изградба на патишта во растојание од 9 метри од жито, трева, коров, корења или друга вегетација?** | **Да** – Но, само ако машините<br>• се механички исправни за да не предизвикаат исфрлање оган, и<br>• имаат поставено направа за абсорбирање на искрите, и<br>• да имаат опрема за гасење пожар која се состои од<br>○ канта прскалка, да е исправна, полна со вода, со капацитет не помалку од 9 л вода, или<br>○ апарат за гаснење пожар на вода, да е исправен, полн со вода, со капацитет најмалку 9 л вода<br>Тракторите со вградени турбочарџери или абсорбери на ауспухот не мора да имаат заштитник на свеќичките. | **Да** – За време на периодот на опасност од пожари.<br>Меѓутоа, ако е можно, одложете ја работата, зашто опасноста од пожар е исклучително голема. |
| **Смеам ли да користам моторна пила, тример за трева или растенија или косилица за трева?** | **Да** – Пилите, тримерите за трева или растенија, или косилицата за трева користени во зелена вегетација без услови.<br>Пилите, тримерите за трева или растенија или косилиците за трева кои се користат во вегетеација која не е зелена, мора да<br>• бидат механички исправни за да не предизвикаат исфрлање на оган, и<br>• да имаат вградено заштитник на свеќичките, и<br>• да бидат најмалку 3 м од било какви запалливи материјали, и<br>• ракувачот со машината мора да ја носи следната опрема за гаснење пожар<br>○ канта прскалка, да е исправна, полна со вода, со капацитет не помалку од 9 л вода, или<br>○ апарат за гаснење пожар на вода, да е исправен, полн со вода, со капацитет најмалку 9 л вода | **Да** – За време на периодот на опасност од пожари.<br>Меѓутоа, ако е можно, одложете ја работата зашто опасноста од пожар е исклучително голема. Следете ги предупредувањата за периодот на опасност од пожари и бидете многу внимателни. |